| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План за линиски инфраструктурни градби за систем за вештачки снег – Ски центар Нижеполе  со намена Е1.5 – инфраструктури на водоснабдувањето (доводни гравитациони и пумпни цевководи) и комплементарна намена Е1.8-водови за пренос на електрична енергија на дел од КП 1/1, КО Нижеполе, Општина Битола |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | АКВА – ИНГ доо Штип |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Министерство за транспорт и врски |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Благој Даскалов, миа |
| Назив на работното место | Планер |
| Контакт податоци за лицето | тел. 078/300 129 |

## Основни податоци за планскиот документ

**Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)**

Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План за линиски инфраструктурни градби за систем за вештачки снег – Ски центар Нижеполе со намена Е1.5 – инфраструктури на водоснабдувањето (доводни гравитациони и пумпни цевководи) и комплементарна намена Е1.8-водови за пренос на електрична енергија на дел од КП 1/1, КО Нижеполе, Општина Битола се изработува врз основа на просторните можности на локацијата, постојната состојба, ажурираната геодетска подлога, Проектната програма, одредбите кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија, податоците и информациите од органите на државната управа и другите субјекти, како и потребите на нарачателот. Изготвувањето на проектот се врши во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22).

**Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?**

Да X
Не

**Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?**

Предметниот плански опфат досега не бил опфатен со важечки урбанистички план, урбанистичко-планска документација или општ акт.
Локацијата која е предмет на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план е покриена со Услови за планирање на просторот за изработка на линиски инфраструктурни градби за систем за вештачки снег – Ски центар Нижеполе на КП 1/1, КО Нижеполе, Општина Битола со тех. бр. Y27521 од ноември 2021, за кои е издадено Решение за Услови за планирање од Министерството за животна средина и просторно планирање бр.УП1-15 1820/2021 од 06,12,2021 година.

**Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.**

ДА – просторно и урбанистичко планирање.
Реализацијата на УП ќе биде во функција на развој на локалната економија и согласно определбите од просторниот план на РСМ треба да биде поставена врз принципите на заштита на животната средина и одржлив локален и национален развој.

**Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да<br>Не √ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |

**Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.**

Не.

**Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.**

Проектниот опфат зафаќа површина од 16625,75 м$^2$ или 1,66 ха и е лоциран на падините на Баба планина, лоциран над селото Нижеполе на надморска височина од 1300мнв до 1600мнв, и со градот Битола е поврзан со асфалтен пат со должина од 15км.

**Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.**

Донесувањето на планскиот документ ќе придонесе за: намалување на емисиите во воздух, вклучувајќи намалени емисии на стакленички гасови и придонес кон ублажување на климатските промени, подобрување на бизнис климата, подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот стандард на населението. Географската положба и

сообраќајната поставеност на оваа локација одат во прилог за оформување на плански опфат. Проектниот концепт е поставен врз основа на анализата на просторот, анализата на можностите за просторен развој и Проектната програма. Планскиот концепт е во директна зависност од природните фактори, посебно од конфигурацијата на теренот и од можностите за просторна композиција, односно естетско обликување на просторот.

**Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**

Планирање на просторот.

**Периодот за донесување на планскиот документ.**

2022 година.

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**

/

**Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)**

Ниже Поле ски центарот е сместен над селото Ниже Поле на падините на Баба Планина на надморска висина од 1.300 – 1.610 m н.в. Од Битола до ски центарот Ниже Поле води асфалтен пат со должина од 15 km.Ски центарот располага со три ски лифтови со вкупна должина од 2.150 метри и капацитет од 3.000 патници на час.

- Надморски висини на стазите – 1.300 – 1.610 m
- Должина на скијачките патеки под жичниците околу 5.500 м.

Проектниот опфат е дефиниран со дел од катастарска парцела КП 1/1, КО Нежилово. Проектниот опфат зафаќа површина од 16625,75 м² или 1,66 ха.





**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

Да √
Не

**Дали е приложена копија од целите?**

Да
Не √

**Резиме на влијанијата врз животната средина**

(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)

Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од:

- Несоодветното управување со генерираниот отпад. Во фазата на функционирање може да се очекува, евентуално дефект или оштетување на опремата од некоја природна непогода, при што потребна е нејзина промена, додека оштетената опрема треба да се предаде од компанија која ќе ја рециклира, а која ќе поседува лиценца за таа цел добиена од Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање.

| | |
|---|---|
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата; | Со реализацијата на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот.<br>При реализација на содржините во планскиот опфат предвидени со планската документација особено во конструктивната фаза ќе се генерираат емисии во воздухот од градежните активности и од механизацијата, отпад, бучава, вибрации, несакани истекувања и сл. кои може да предизвикаат негативни влијанија врз здравјето на луѓето, воздухот, водата, почвата, биолошката разновидност, пределот и сл.<br>Овие влијанија се оценуваат како можни, локални, повратни, краткорочни влијанија. Усогласување на концепцијата на идниот развој со согледувањата и насоките кои произлегуваат од просторниот план на Републиката. |

| | |
|---|---|
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните активности не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина, животот и здравјето на луѓето.. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи, пожари и хаварии. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Битола е најголемиот градски центар во плодната и најголемата македонска котлина Пелагонија и втор град по големина во Република Македонија. Градот Битола се наоѓа во крајниот југозападен дел на Република Македонија, во подножјето на планината Баба со врвот Пелистер (2601 м) непосредно до грчката граница која е оддалечена 115 км. Битола на север е опколена од четири поврзани ридови, со височина од 640 до 890 м, наречени Баир, кои се дел од Облаковско-снеговската планина (1430 м). Од југ, градот е заграден со ридот Тумбе Кафе, со височина од 744 метри кој е огранок на повисокиот планински локалитет Неолица, а таа пак е дел од пространата Баба Планина. Кон исток, Битола е широко отворена кон котлинското дно на Пелагонија, а кон запад, кон флувиоглацијалните наноси на реката Драгор, широката ѓаватска преграбенска долина и високиот Пелистер. Теренот на кој лежи Битола е наведнат од 715 до 585 метри, од запад кон исток, односно од Пелистер и Баба Планина кон пелагониската котлина, и тоа од 710 до 590 метри со што градот има средна надморска височина од 650 метри. Овие разлики во височините битно влијаат на изгледот на градот и структурата на градскиот пејсаж. Од една страна градот е сместен на рамничарскиот предел, а од друга страна на ридско земјиште и плавински материјал. Битола се наоѓа во зона каде се допираат две различни полјоделски целини, полјоделскоградинарска на исток, североисток и југоисток и овоштарско-градинарска и сточарска зона на запад и југозапад. Ниже Поле ски центарот е сместен над селото Ниже Поле на падините на Баба Планина на надморска висина од 1.300 – 1.610 m н.в. Од Битола до ски центарот Ниже Поле води асфалтен пат со должина од 15 km.<br>Ски центарот располага со три ски лифтови со вкупна должина од 2.150 метри и капацитет од 3.000 патници на час. Вообичаено ски сезоната започнува од почетокот на месец декември и трае до крајот на месец март.<br>Надморски висини на стазите – 1.300 – 1.610 m<br>Должина на скијачките патеки под жичниците околу 5.500 м. |

| |
|---|
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** |
| Поволната географската положба, добрите микроклиматски услови, отвореноста на просторот кон далечни пространи видици и добрата диспозиција на локалитетот во однос на сообраќајната поврзаност со општината и пошироко со регионот, одат во прилог на идејата за реализација на овој план. Планирањето и уредувањето на просторот врз принципите на одржлив развој и тоа пред се еколошкиот аспект, економскиот и социјалниот, дозволува концептуално просторот да се третира и добие значење од економски аспект. |

**Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**

| | |
|---|---|
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка на Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План за градежна парцела со намена Е1.5 – – инфраструктури на водоснабдувањето (доводни гравитациони и пумпни цевководи) и комплементарна намена Е1.8-водови за пренос на електрична енергија на дел од КП 1/1, КО Нижеполе, Општина Битола , нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.<br>Во границите на проектен опфат не постојат градби или споменични целини кои претставуваат евидентирано културно наследство. |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Проектниот опфат се наога вон градежен реон и во рамки на истиот има постоечки ски лифтови во функција на скијачките патеки, додека во однос на сообраќајната инфраструктура до ски центарот се доага по постоечки асфалтен пат. |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Нема. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Со Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План се создаваат предуслови за развој на локалната економија. Овој приход мултиплицирано ќе овозможи зголемување на фондовите на општината и развој на повеќе дејности од нивна надлежност со што ќе се овозможи посредно повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на услугите кои што локалната самоуправа ги дава на своите граѓани.

Целта на изработката на овој план е создавање услови за организација и ефикасно користење на просторот, отварање нови работни места, подобрување на квалитетот на воздухот, намалување на стакленички гасови.

Со правилно планирање и проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна фаза нема да претставува значителен товар врз животната средина.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Во близина на планскиот опфат нема резиденцијални објекти.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**

Преку одржливиот развој ќе се создадат услови за планирање на организиран простор за

градба кој ќе биде реализиран и ќе претставува нов циклус во развојот на економијата и стопанството, а во исто време ќе допринесе и за заштита на животната средина. Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:

- Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата;
- Допринос во локалната и национална економија.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**
**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**
Неправилно управување со отпадот може да доведат до загадување на животната средина и здравјето на човекот. Целокупната активност ке се насочува кон обезбедување на непречен развој при истовремена заштита на животната средина.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**
До сега, за предметната локација не е донесен плански документ, поради која причина сите влезни параметри при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области се базираат на Просторниот план на Р.Македонија.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**
Опфатот не бил разгледуван во друг плански документ и за истиот нема претходно спроведено стратегиска оцена. Системот за вештачки снег во Ски центар Нишеполе е во функција на развој и унапредување на инфраструктурната опременост на ова подрачје, а исто така има и добра сообраќајна поврзаност со општината.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**
Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го доставт до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.
Овој проект спаѓа во Уредбата за изменување на уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина Прилог I, XI - Инфраструктурни проекти, точка 6 – Проекти за изградба на системи за пренос на вода, канализациони системи и системи за заштита од поплави..

| | | |
|---|---|---|
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** | |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | | **Министер**<br>**Благој Бочварски** |
| **Бр.** 21-1591/8<br>**Датум:** 25.07.2022 **година**<br>**Место: Скопје** | | **М.П.** |

Република Северна Македонија * Министерство за транспорт и врски * Republika e Maqedonisë së Veriut * Ministria e Transportit dhe Lidhjeve * Скопје - Shkup